**До**

**деканот на Економски факултет при УГД - Штип**
**и Наставно-научниот совет на**
**Економски факултет при УГД - Штип**

**П Р И Г О В О Р**

**НА РЕФЕРАТОТЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**
објавен во Универзитетски билтен бр.128 од 22.7.2014 год.

Врз основа на Рефератот за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *сметководство* на Економски факултет - Штип, објавен во Универзитетски билтен бр.128 од 22.7.2014 год., како и врз основа на заклучокот и предлогот даден од страна на Рецензентската комисија во состав: проф.д-р Блажо Недев, проф. д-р Зоран Миновски и проф. д-р Живко Атанасовски, со кој му предлагаат на ННС на Економски факултет- Штип кандидатот д-р Александар Костадиновски да биде избран во звање вонреден професор за наставно-научната област сметководство, ги давам следните забелешки (забелешките се дадени според редоследот на евалуираните активности на кандидатот во Рефератот):

Пред елаборација на конкретните забелешки се повикуваме на Огласот за вработување на УГД - Штип, распишан на 2.2.2014 г., во кој, покрај другото, стои дека: „Кандидатите за избор во наставно-научни и насловни звања на факултетите треба.... да ги исполнуваат општите услови пропишани со Законот за работни односи, условите наведени во членовите 124 и 125, односно член 142 за избор во насловно звање и член 127 за избор во наставно-уметничките области од **Законот за високо образование** и **Правилникот за критериумите и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип**", број 31, мај 2014 година.

I) Во делот на **наставно-образовната дејност** на кандидатот е наведено дека д-р Александар Костадиновски има издадено рецензирани скрипти, рецензиран учебник и практикум.

За оценка на валидноста на овие учебници во процесот на евалуација на наставно-образовната активност на кандидатот се повикуваме на Правилникот за критериумите и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, чија последна Одлука за усвојување и дополнување е објавена во Универзитетски гласник бр.31 од мај 2014 год., конкретно во член 11, каде што **покрај елементите утврдени во Законот**, врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на рецензентската комисија, се зема и следниот елемент (**како услов за избор во звање вонреден професор**):

***– најмалку една рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избираод соодветната научна област објавена во е-библиотека и практикум со вежби од истиотпредмет.***

Со пристап до следниот линк:

https://e-lib.ugd.edu.mk/kategorija.phpможе да се види дека кандидатот д-р Александар Костадиновски ***нема вое-библиотекаиздадена и објавена рецензирана електронска скрипта од предметот во кој се бира – Сметководство, ниту пак практикум со вежби од истиот предмет.***

Во табелата за вреднување на активностите на кандидатот Александар Костадиновски за периодот 2009-2013 година, под р.б. 3, во делот на Наставно-образовна дејност е внесено: ***„Финансиско сметководство-теорија и апликации", вреднувани со 8 поени, кој учебник практично и не постои.*** Во Рефератот, во делот на евалуацијата на одделните активности од наставно-образовната дејност на кандидатот е евалуиран сосема друг

учебник – „Основи на сметководство“, во издание на Европски универзитет - Скопје, од 2007 год., кој учебник е веќе евалуиран и вреднуван при изборот на кандидатот за доцент (по Реферат објавен во Универзитетски билтен бр.26 од 2009 год.).

**II) Научноистражувачка дејност**

1) Според член 125 од Законот за високо образование за избор во вонреден професор кандидатот, покрај останатите услови, треба да го исполнува и следниот услов:

Кандидатот за вонреден професор треба да има објавено три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години. **Овој критериум кандидатот не го исполнува, односно нема таков труд објавен во научно списание со импакт факторво последните пет години.**

2) Во делот на научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија евалуирала 28 труда со оригинални научни резултати објавени во меѓународни публикации.

За оценка на третманот на зборниците од меѓународните конференции во кои се објавени овие 28 труда, се повикувам на член 96 од Законот за високо образование, каде што прецизно е дефинирано:

„Меѓународни научни публикации, во смисла на овој Закон, се книга рецензирана и објавена во странство, зборник на научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што **членовите на програмскиот комитет се од најмалку четири земји**, како и научни трудови објавени во меѓународни годишници и гласници каде што членовите на програмскиот комитет се од најмалку четири земји”.

Со детална проверка на сите поединечни трудови, констатиравме дека **19 од наведените трудовине го исполнуваат критериумот да бидат класифицирани и вреднувани како трудови објавени во меѓународни публикации**, кој факт Рецензентската комисија не го зела предвид. Овие трудови Рецензентската комисија ги вреднувала со по 2 поени (како трудови во странство) и дополнително за девет од нив дала уште по 4 поени (во делот на Секциско предавање на научни собири во странство). Ова значи дека девет трудана кандидатот неосновано се вреднувани со по 6 поени.

Во продолжение следат неколку труда, со нивните редни броеви од Рефератот и линкови кон страните каде што може да се види составот на Програмскиот одбор на меѓународните конференции:

**10.**Kostadinovski, AleksandarandJovanova, Blagica (2011), на стр. 7 од рефератот, ***ImpactofeconomiccrisisontheworldeconomyinBulgariaandMacedonia***. Седма международна научна конференция на младите научни работници „Икономиката на България–пътяткъм еврото” UniversityofNationaland World Economy, Софиа, Бугарија.

http://www.unwe.bg/bg/events/

**13.**Jovanova, BlagicaandKostadinovski, AleksandarandGorgieva-Trajkovska, Olivera (2012)на стр. 7 од рефератот,***Controlandaudit–toolsforpreventingeconomyfrauds***. ConferenceProceedings: ContemporaryManagerialPractices VII. ProjectsandRegions, Burgas, Bulgaria. pp.267- 274. ISSN 1313-8758

http://www.bfu.bg/?q=node/1763

**14.**Gorgieva-Trajkovska, OliveraandKostadinovski, Aleksandar (2012)на стр. 7 од рефератот,***Financialreportingqualityandinvestmentefficiency.*** ChallengesinContemporaryEconomy, Ботевград. стр.963-977. ISBN 978-954-9432-57-2

http://www.ibsedu.bg/bg/sections/2012_g_predizvikatelstva_pred_syvremennata_ikonomika_/236

**15.**Jovanova, BlagicaandKostadinovski, AleksandarandGorgieva-Trajkovska, Olivera (2012)на стр. 7 од рефератот,***OpportunitiesforcooperationbetweenMacedoniaandBulgariainthefieldoftourismas a toolagainstpoverty.*** InternationalConference “RegionalDevelopmentinBulgaria: Trendsandperspektive” Sofija- Bulgaria.

http://www.unwe.bg/bg/eventshtml

**16.**Kostadinovski, AleksandarandGorgieva-Trajkovska, OliveraandJovanova, Blagica (2012)на стр. 8 од рефератот,***Conflictsofinterestintheaccountingandauditingprofession***. ConferenceProceedings : Sovremenniupravlenskipraktiki VII proekti i regioni, Burgas, Bulgaria. pp.242-248. ISSN 1313-8758

http://www.bfu.bg/?q=node/1763

**17.**Kostadinovski, AleksandarandJovanova, Blagica (2012)на стр. 8 од рефератот,***E stimatingcurrentcapitalstructure.*** ConferenceProceedings: Деветта меѓународна научна конференција –Challengesincontemporaryeconomy, Ботевград. стр.940-950.ISBN 978-954-9432-57-2

http://www.ibsedu.bg/bg/sections/2012_g_predizvikatelstva_pred_syvremennata_ikonomika_/236

**18.**Kostadinovski, AleksandarandJovanova, Blagica (2012)на стр. 8 од рефератот,***K oncepcijazaobedinjavanenariska v zdravstvenotoosigurjavane***. ConferenceProceedings: Desetanacionalnakonferencija - Zastrahovatelnijat i osiguritelnijatpazar: Realnosti, vizija, ocekvanija i prioritetizaupravlenienapromjanata, Sofija, Bulgaria.стр.175-181.

http://www.zastrahovatel.com/statia.php?mysid=4256&t=14

**19.**Kostadinovski, AleksandarandGorgieva-Trajkovska, OliveraandDimitrova, Janka (2013)на стр. 8 од рефератот,***TheimplicationsofEuropeandebtcrisison EU enlargement.*** ConferenceProceedings: TheFutureofIntegration, theFutureoftheEuropeanUnion. Svishtov, Bulgaria.pp.20-28. ISBN 978-954-23-0867-6.

http://www.uni-svishtov.bg/?page=page&id=351)

3) Според член 125 од Законот за високо образование за избор во вонреден професор кандидатот, покрај останатите услови, треба да го исполнува и следниот услов:

**учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати.**

Рецензентската комисија го зема предвид и вреднува „учеството" на кандидатот д-р Александар Костадиновски во научноистражувачки проект, одобрен во 2013 година од Фондот за научноистражувачка работа при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, со наслов „*Состојби и перспективи за зголемување на наталитетот во Р.Македонија со осврт на идентификување на факторите на влијание*".

***Рецензентската комисија има голема одговорност за создавање основа за донесување на незаконита одлука од страна на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, користејќи невистинити или непроверени податоци во предложените реферати.***

Во однос на овој научен проект,Рецензентската комисија не извршила никаква евалуација,во смисла на презентација на целите на проектот,фазите на неговата реализација, придонесот на кандидатот во истата, како и најбитниот елемент – презентација во јавноста на крајните научни резултати и сознанија, и значајните достигнувања од примената на научноистражувачките резултати од овој проект.

Дополнително, согласно со член 42 од Правилникот на УГД за избор во звања „Активностите кои се бодираат при изборот во наставно-научни, наставни и соработнички звања, а кои се однесуваат на научноистражувачката дејност и стручно-уметничките активности (НИСУ) **ќе бидат валидни само доколку презентираните податоци ги има во е-репозиториумот** (UGD academicrepository), објавени на веб-страницата на Универзитетот.

Во е-репозитуриумот на УГД, на профилот на кандидатот Александар Костадиновски, во делот на Проекти е прикачен само Образецот - Барање за финансирање на научноистражувачки проект (*Applicationformforfinancingofresearchprojects),* од 7.2.2013 година, без никакви дополнителни податоци за процесот на реализација и резулатите од научното истражување.

Линк кон е-репозиториумот на Александар Костадиновски:

http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Kostadinovski=3AAleksandar=3A=3A.html

**Ова Барање за финансирање на научноистражувачки проект не може во никој случај да се третира како реализиран научноистражувачки проект и како придонес на кандидатот во остварување на значајни научни достигнувања, што е еден од основните услови за избор во звање вонреден професор и единствен критериум според кој согласно со Законот за високо образование се прави разлика помеѓу наставно-научните звања ДОЦЕНТ и ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР.**

Во однос на почитување на членот 42 од Правилникот на УГД, и следните активности кои од страна на Рецензентската комисија се евалуирани во Рефератот и вреднувани со поени во табелата за вреднување на активностите на кандидатот, а **не се внесени во е-репозиториумот на УГД**(линкот е даден погоре во текстот):

– Р.б. 3 од табелата (дел на наставно-образовна дејност) – *Финансиско сметководство-теорија и апликации;*
– Р.б. 7 од Научноистражувачка дејност – *Секциско предавање на научен собир во странство* (Постои опција за внесување во е-репозиториум–ConferenceorWorkshopItem-A paper, poster, speech, lectureorpresentationgivenat a conference, workshoporotherevent);
– Р.б. 7 од Стручно-апликативна дејност – *Пленарни предавања на стручни собири во земјава и во странство*);
– Р.б. 13 од Стручно-апликативна дејност – *Учесник во стручен проект во земјава);*
– Р.б. 17 од Стручно-апликативна дејност – *Елаборати и експертизи*)...

**Согласно со цитираниот член од Правилникот за избор, активностите на кандидатот кои не се внесени во е-репозиториум на УГД не се валидни во процесот на евалуација и не смеело да се земат предвид од страна на Рецензентската комисија.**

III) На крајот од Рефератот, во делот Заклучок и предлог, Рецензентската комисија ја дава следнава квалификација:

„Евидентна е научноистражувачката активност на кандидатот д-р Александар Костадиновски која се гледа од бројните трудови, објавени како во домашни така и во **меѓународни научни списанија…**

Сето ова го претставува кандидатот како солиден и афирмиран научен работник и како **самостоен истражувач** од областа на сметководството...”

Ѝ предочуваме на Рецензентската комисија дека кандидатот Александар Костадиновски **нема ниту еден труд издаден во меѓународно научно списание** (согласно со член 96 од Законот за високо образование), ниту пак ги исполнува критериумите за самостоен истражувач (во согласност со член 22-Самостоен истражувач, од Законот за научноистражувачка дејност).

## РЕЗИМЕ НА ПРИГОВОРОТ

Врз основа на горните образложенија, ги резимираме констатираните, од наша страна, недостатоци, грешки и пропусти во процесот на евалуација на сите активности на доц.д-р Александар Костадиновски, во Рефератот објавен во Универзитетски билтен бр.128, од 22.7.2014 г. и ја повикуваме Рецензентската комисија за нивно ревидирање:

1. Кандидатот доц. д-р Александар Костадиновски, согласно со член 125 од Законот за високо образование, кој бара за вонреден професор да има објавено три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години, потенцираме дека **овој критериум кандидатот не го исполнува, односно нема таков труд објавен во научно списание со импакт фактор во последните пет години.**
2. Кандидатот не исполнува еден од основните критериуми за избор во звањевонреден професор, од Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, бр.31/ 2014**,** член 11, а кој се однесува на – **учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати, во областа за која се бира.**

3. Кандидатот не го исполнува во целина условот од член 42 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни и научни звања на УГД, а кој се однесува на **задолжително внесување на сите научноистражувачки и останати активности на електронскиот е-репозиториум на УГД**, заради нивна валидност во евалуацијата.
4. **Кандидатот не поседува рецензирана електронска скрипта од предметот во кој** се бира објавена на е-библиотека на УГД, како и практикум со вежби од истиот предмет (согласно со Правилникот за критериумите за избор во звања на УГД).

Земајќи ги предвид горенаведените забелешки кои се однесуваат на исполнување на основните критериуми за избор во звање вонреден професор, во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, ја повикувамерецензентската комисија да изврши ревидирање на потпишаниот и објавен Реферат за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област Сметководство на Економскиот факултет - Штип и да донесе нов Заклучок и предлог, во кој почитувајќи ги позитивните законски норми ќе констатира дека **кандидатот не ги исполнува критериумите за избор во звање вонреден професор од наставно-научната област сметководство.**

Согласно на податоците наведени во Рефератот од Универзитетскиот билтен број 128 на УГД - Штип, ***доцент Александар Костадиновскине исполнува најмалку два од основните предуслови да биде унапреден во звање вонреден професор***, согласно на критериумите и на УГД и според одредбите од ЗВО и согласно со забелешките изнесени во овој Приговор.

Според одредбите од Законот за високо образование на Република Македонија, овој Приговор треба да биде објавен како во наредниот Универзитетски билтен на УГД и истиот треба да биде доставен до соодветната Рецензентска комисија. Притоа, потребно е да се коригираат и поените во табелата од рефератот, како и Заклучокот на Рецензентската комисија, каде што ќе биде изменет крајниот заклучок, бидејќи доцент Александар Костадиновски не ги исполнува условите предвидени со Законот за високо образование на РМ (член 125) да биде избрана во звањето „вонреден професор“.

Во спротивно, Рецензентската комисија ја сноси одговорноста за создавање основа за донесување на незаконска одлука од страна на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Штип.

25.7.2014 година

**Од група професори на Економски факултет - Штип**

**До**

**Ректорат на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип**
**за ректор проф. д-р Саша Митрев**

**Економски факултет, Штип**
**за декан проф. д-р Ристо Фотев**

**Предмет**: Одговор на Рецензентската комисија по вашето барање

Почитуван Декан, во врска со Вашето барање од 7.8.2014 година со кое не замолувате да се произнесеме по Приговорот од група професори при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, а се однесува на рефератот за избор на наставник во сите звања од областа на сметководството на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип објавен во Универзитетски билтен бр. 128 од 22.7.2014 година, сакаме да Ве информираме за следново:

Со Одлука број 1702-60/12 од 24.2.2014 година донесена на 73. седница на ННС на Економскиот факултет во Штип определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор во наставник во сите звања за наставно-научната област сметководство на Економски факултет при Универзитет во Штип. Во Одлуката се наведени и обврските на Рецензентската комисија.

По доставувањето на документацијата од Ваша страна за пријавените кандидати (еден кандидат) на објавениот Конкурс, Комисијата пристапи кон изготвување на реферат за избор на наставник во сите звања. При изготвувањето на рефератот, Комисијата се водеше од премисата да ги запази сите обврски што произлегуваат од Вашата одлука, поточно да го изготвиме рефератот во предвидениот рок и истиот да биде во согласност со критериумите за избор на наставници во соодветни наставно-научни звања пропишани со Законот за високо образование, Статутот и Правилникот за избор во наставни и научни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.

Комисијата го изготви Извештајот за пријавените кандидати и му предложи на Наставно-научниот совет пријавениот кандидат да го избере во наставно-научно звање вонреден професор по предметот Сметководство на Економскиот факултет во Штип. Комисијата беше едногласна во своите ставови за ваквиот предлог. Имено, од проучената документација доставена од Ваша страна, Комисијата заклучи дека кандидатот ги исполнува сите критериуми предвидени со законските прописи и актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за избор во повисоко звање. Рефератот со предлогот за избор на наставник Ви беше доставен во предвидениот рок. Во понатамошната Ваша постапка истиот бил објавен во Билтенот на Универзитетот број 124 од 15 мај 2014 година и со тоа бил достапен на научната, стручната и пошироката јавност. Во предвидениот законски рок за произнесување мислења по рефератот и предлогот на рецензентската комисија не се доставени никакви мислења по кои евентуално би требало да се произнесува Рецензентската комисијата.

По завршувањето на ваквата постапка за текот на изготвувањето, доставувањето и објавувањето на рефератот на Рецензентската комисија, Рецензентската комисија ги извршила своите обврски утврдени со Вашата одлука за именување на Рецензентска комисија. Рецензентската комисија официјално не е информирана за спроведената постапка во врска со рефератот.

Што се однесува до Вашето барање за произнесување по пристигнат приговор од „група професори“, Ве потсетуваме уште еднаш дека во законски предвидениот рок за приговори по објавениот реферат во Универзитетскиот билтен број 124 од 15 мај 2014 година за избор на наставник по сметководство не се добиени приговори. Рецензентската комисија е едногласна во досега изнесените ставови на нашиот одговор по Вашето барање цврсто стои на ставот дека Рефератот објавен во Билтенот број 124 од 15 мај 2014 година е единствено валиден документ за постапување за избор на наставник по сметководство на Економскиот факултет во Штип.

Со почит,

Скопје, 13.8.2014 година

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф.д-р Блажо Недев, с.р.**
**Проф.д-р Зоран Миновски, с.р.**
**Проф.д-р Живко Атанасовски, с.р.**